Република Северна Македонија
Министерство за култура
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

# З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

Архивски знак: ________
Рок на чување: ________ год.
20___ год.
Потпис,

ИП 1 бр. 57 - 14

Датум: 17.02.2023 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | |
|---|---|
| Назив на субјектот на надзорот | |
| Седиште/адреса на субјектот | |
| Адреса за е-пошта: | |
| Телефон | |
| Матичен број на субјектот/ЕМБС | |
| Даночен број на субјектот | |
| Број на жиро-сметка на субјектот | |
| Банка депонент: | |

| | | |
|---|---|---|
| Одговорно лице на субјектот: / | | |
| Име и презиме: , претседател на Здружението | Телефон: | Е-пошта: |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекцискиот надзор | 1. РЕДОВЕН | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 16.02.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11:00 ч. |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 17.02.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15:00 ч. |



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | |
|---|---|
| Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | |
| Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | Помошни дејности во изведувачката уметност (шифра: 90.02) |
| Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот | ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје (простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, во договор со субјектот на надзорот ) |

3) **Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:**

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор за м. јануари, 2023 г. бр. 57-188/1 од 05.01.2023 г., односно Годишниот план за работа бр. 57-11395/2 од 14.11.2022 г.

4.) **Инспекцискиот надзор е извршен од:**

главен инспектор – раководител на Секторот за управен и инспекциски надзор во МК.

5.) **Предмет на вонредниот инспекциски надзор**

**Предмет**: инспекцискиот надзор е извршен од аспект на примена на **член 68 од Законот за културата**, односно надзор над наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, на 03.11.2022 г. и 22.12.2022 г., на жиро-сметката на Здружението, во вкупен износ од **214.500,00 денари**, за учество во проектот - театарска претстава „Градот како сцена“ (работен наслов), автор **(од одобрените 248.990,00 денари, за следните намени: авторски хонорари, опремување на претстава, патни трошоци и маркетинг)**, согласно со Договорот бр. 20-3584/2 од 14.04.2022 г., за учество во финансирање на проектот од национален интерес во културата од областа на драмската дејност за 2022 г., како и постапување по обврската од член 68 став (3) од истиот Закон и член 5 од Договорот, во рок од еден месец, сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот, кој содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

извори на финансирање, на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК, како и друга потребна документација (промотивни материјали, плакати, постери, фото/видео документација и друго).

**Основ**: член 82 став (1) и член 68 од **Законот за културата** („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 23/19), а во врска со член 69 став (1) од **Законот за инспекциски надзор** („Сл. весник на РСМ" бр. 102/2019).

**6.)Во извршувањето на овој инспекциски надзор**:

Во согласност со член 69 став (3) од Законот за инспекциски надзор, во извршувањето на овој инспекциски надзор е употребена Листата за проверка, која е дадена во прилог и е составен дел на Записникот.

7) За време на **извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од следново лице:**

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| Име и презиме: [redacted] претседател на Здружението | Телефон: ,( [redacted] | Е-пошта: |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, **не беа присутни** други лица:

| Име и презиме и својство | | Телефон |
|---|---|---|
| / | | / |

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве **наоди за утврдената фактичка состојба:**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Постапувајќо согласно со горецитираниот Месечен план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК, преземени се инспекциски дејствија согласно со закон и за почетокот на вршењето на вонредниот инспекциски надзор, закажан за ден 16.02.2023 г., субјектот на надзорот е известен со Допис ИП 1 бр. 57 - 14 од 07.02.2023 г., согласно со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" 102/19).

**Врз основа на непосредниот увид во расположивата и приложената документација и тоа:**

-ПРИЈАВА за проект од областа на драмската дејност за 2022 г., заведена во МК под УП 1 бр. 19-3466 на 11.11.2021 г. (со списи),
- Решение УП1 бр. 19-3466/2021 од 17.02.2022 г.,
-Договор бр. 20-3584/2 од 14.04.2022 г.,
-Образец за оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г.,
-мејл на МК до Здружението (потсетување за обврска од Договор), заведен под бр. 20-3584/3 од 12.10.2022 г.,
-БАРАЊЕ за реализација на проект до 31.12.2022 г., заведено во МК под бр. 20-10823/1 од 20.10.2022 г.,
-Согласност на МК бр. 20-10828/2 од 31.10.2022 г., за реализација на проект до 31.12.2022г.,
-БАРАЊЕ за исплата на средства (прва рата), заведено во МК под бр. 20-10828/1 од 20.10.2022 г. (со Изјава за наменско коирстење на средства),
- Решение за преведување средства бр. 20-3584/4 од 31.10.2022 г.,
-БАРАЊЕ за исплата на средства (втора рата), заведено во МК под бр. 20-12653/1 од 14.12.2022 г.,
- Решение за преведување средства бр. 20-3584/5 од 16.12.2022 г.,
-мејл на Здружението од 16.11.2022 г., за премиера на 19.11.2022 г.,
-ОБРАЗЕЦ за наративен и финансиски извештај, заведен во МК под бр. 20-75/1 од 03.01.2023 г. (со списи-Појаснување за финален финансиски и наративен извештај, фактури, договори и др.),
-мејл на Здружението, од 01.02.20223 година.

**1. Не се утврдени никави неправилности во работењето на субјектот на надзор.**

- Со Решение на министерот за култура **УП1 бр. 19-3466/2021 од 17.02.2022 г.,** донесено согласно со член 65 ставовите (1) и (3) од Законот за културата, проектот – театарска претстава „Градот како сцена" (работен наслов), автор

[redacted] содржан во Пријавата, заведена во МК под **УП 1 бр. 19-3466 на 11.11.2021 г.**, поднесена од страна на Здружението, по Конкурсот за учество во финансирање проекти за 2022 година по дејности и области, објавен на 04.10.2021 г., е избран за проект од национален интерес во културата за 2022 г. од областа на драмската дејност и за финансирање на проектот се доделени средствата во износ од **248.990,00 денари**, со вкупно освоени 80 бода.

Со горецитираната Пријава, за реализација на горенаведениот проект од МК се побарани вкупно **2.390.000,00 денари** (вкупниот буџет на Проектот), за следните трошоци/ставки: авторски хонорари (вкупно 1.460.000,00 денари), материјални тропоци (60.000,00 денари), продукција на театарска претстава – сценографија, печатење на материјали, снимање на видео и звук, изнајмување на опрема, светло, звук (300.000,00 денари), актери (вк. 6 - 240.000,00 денари), продуцент на театарска претства (200.000,00 денари), печатење на каталог (30.000,00 денари), патни тропоци, авионски билети и автобус (100.000,00 денари).

Во однос на реализацијата на предметниот проект, во Пријавата е наведено дека проектот ќе се реализира од 01.04.2022 до 01.12.2022 г., во ЈУ-Младински културен центар во Скопје и плоштад „Македонија“ , при што како автор на Проектот е наведен [redacted], дипл. архитект (визуелен уметник), а како други соработници [redacted] (театарски режисер, истражувач и активист), [redacted] (сценограф, истражувач и едукатор), [redacted] (архитект, сценограф и куратор), [redacted] (куратор, истрачувач и едукатор).

-Согласно со член 3 став (1) од Договорот, според којштo е предвидено дека преведувањето на финансиските средства од страна на МК се врши во согласност со доставен **Образец за оперативен и финансиски план за реализација на проектот согласно со намените**, писмено барање од страна на корисникот за исплата на средства и изјава за наменско користење на средствата, а по добиениот мејл од МК од 12.10.2022 г., со потсетување за обврската од член 3 став (3) Договорот, според којашто **корисникот е должен доделените средства да ги побара најдоцна до 20.10.2022 г.**, Здружението на 20.10.2022 г., до МК со Изјавата за наменско користење на средствата, има доставено **БАРАЊЕ заведено во МК под бр. 20-10828/1 од 20.10.2022 г.**, за исплата на прва рата во износ од 124.500,00 денари (50% од одобрените средства), за реализација на проектот - „Градот како сцена“ **и тоа во согласно со намените утврдени со Договорот (за авторски хонорари, опремување на претстава, патни трошоци и маркетинг)**, и Образецот

за оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г., за следните **ставки/трошоци:**

1. [redacted] автор/70.000 денари
2. [redacted] куратор и истражувач/60.000 денари
3. [redacted] драматург и истражувач/30.000 денари
4. Опремување на претстава (продукција/сценографија/опрема/изведба на сценски елементи)/40.000 денари,
5. Патување (авионска карта Загреб-Скопје-Загреб /15.000 денари
6. ПР и маркетинг /13.990 денари,
7. Авторски хонорари за останати соработници (актери, кореограф, музика)/20.000 денари, се вкупно 248.990,00 денари.

Во Оперативниот и финансиски план, во однос на реализацијата на проектот „Градот како сцена“, е наведено дека Проектот ќе се реализира од април до декември, 2022г., со место за реализација на Проектот во Скопје и покрај авторот [redacted], како други соработници се наведени [redacted]

Истовремено, Здружението до МК има доставено БАРАЊЕ за реализација на проектот до 31.12.2022 г., заведено во МК под бр. 20-10823/1 од 20.10.2022 г., по кошето од МК е дадена согласност со Допис бр. 20-10828/2 од 31.10.2022 г., проектот да се реализира до 31.12.2022 г., имајќи предвид дека во Планот е наведено дека проектот ќе се реализира во период од април до декември, 2022 година.

По горенаведеното Барање, од страна на МК со Решението бр. 20-3584/4 од 31.10.2022 г., на Здружението авансно му се преведени средствата во износ од 124.500,00 денари (прва рата), додека согласно со БАРАЊЕТО за исплата на средства во износ од 90.000,00 денари (втора рата), заведено во МК под бр. 20-12653/1 од 14.12.2022 г., со Решението бр. 20-3584/5 од 16.12.2022 г., на Здружението авансно му се преведени средствата во износ од 90.000,00 денари (втора исплата).

- Во однос на обврската од **член 68 став (3) од Законот за културата, како и член** 9 став (1) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот (забелешка: според **член 5 став 1 од Договорот** заклучно со 20.11.2022 г., а по исклучок доколку постојат објективни причини, по претходна писмена


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

согласност на МК заклучно со 31.12.2022 г.), до МК да достави **извештај за реализацијата на проектот**, кој содржи: наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финансиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, на ОБРАЗЕЦОТ за наративен и финансиски извештај за реализиран проект, достапен на веб-страницата на МК. Здружението до МК, Сектор за дејностите од оболаста на културата и уметноста, има доставено пополнет **ОБРАЗЕЦ за наративен и финансиски извештај за проекти од национален интерес во културата во 2022 г., заведен во МК под бр. 20-75/1 од 03.01.2023 г.**, во прилог со материјално-финансиската документација (фактури, договори и друго).

Во наративниот дел од Извештајот е наведено дека проектот е реализиран во периодот од 01.04.202 г., до 19.11.2022 г., во Скопје. Воедно, во прилог кон Извештајот е доставен УСБ, со снимено видео со музика, во времетраење од 2 минути, видео со говор во времетраење од 5 минути и вкупно 35 фотографии од настани.

Во Финансискиот извештај за трошоците кои се покриени со средствата одобрени од МК, наведени се следниве трошоци:
[redacted]/изведувач, исплатени 17. 000 денари,
2. [redacted]/изведувач, исплатени 20.534 денари,
3. [redacted]/изведувач, исплатени 6.700 денари,
4. [redacted]/техничка поддршка, исплатени 20.000 денари,
5. [redacted]/техничка поддршка, исплатени 9.054 денари
6. [redacted]/изведба на музика за перформанс, исплатени 7. 000 денари
7. [redacted]/изведба на музика за перформанс, исплатени 7. 000 денари,
8. [redacted] – авионска карта Белград-Скопје-Белград, Агенција: М4 travel, А-22 / 146 / А, исплатени 10.602 денари
9. [redacted]/ПРмаркетинг, Евролевел: 4316/22/1, Вкупна сума на фактура 32.044 денари - 13 .990 денари (од вкупна сума на ф-ра),
10. Печатење за сценографија ПРОМЕДИА ДОО СКОПЈЕ Фактура-испратница Печатница бр: 001 – 71041 – 1428 /2022, Вкупна сума: 10 897 денари, исплатени 7.110 денари (од вкупна сума на фактурата),
11. [redacted]/автор, исплатени 70.000 денари,
12. [redacted]/ куратор, истражувач, исплатени 60.000 денари,
**се вкупно 248 990 денари.**


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Во прилог кон Извештајот, до МК е доставено и **Појаснување за финален финансиски и наративен извештај**, за проектот „Градот како сцена" (работен наслов), во коешто меѓудругото е наведено дека остатокот од средствата „што треба МК да исплати во следната рата е во износ од 34.995 денари", Здружението ги има исплатено од сопствени средства и дека со тоа финансискиот извештај согласно со Договорот е комплетиран и дека „сите средства во износ од 248 990,00 денари се исплатени кон учесниците во проектот". Воедно, е дадено и **појаснување за ставките 8 и 9 во табелата на исплати**, односно дека „вкупната сума од договорот и фактурата од „Евролевел", за ангажманот на [redacted] изнесува 32 044,00 денари, а од драмска дејност се исплатени 13.990 денари", како и дека „вкупната сума од фактурата за печатење на материјали за сценографија од ПРОМЕДИА изнесува 10.897 денари, а од драмска дејност е исплатено 7.110 денари", а дека остатокот во двата случаи е исплатен од други донатори.

Воедно, со мејл од 01.02,2023 г., дадено е **дополнително појаснување**, дека во оперативниот и финансиски план испратен на 13.04.2022 г., ангажманот на [redacted] заедно со неговото доаѓање (авионска карта) во Скопје, е предвидено во буџетската рамка, но дека во процесот на реализацијата на проектот поради потреба од соработка и ангажман на други лица кои се покриени од средствата на МК, а кои не беа наведени во првичниот оперативен план, ангажманот и доаѓањето на [redacted] во Скопје, беше покриено од друго донатори.

- Во однос на обврската од член **8 од Договорот**, според којаштo корисникот бил должен во рок од 15 (петнаесет) дена пред реализацијата на проектот до Министерсвото за култура по електронска пошта на адресата [redacted] да достави известување за денот, местото и времето на реализацијата на Проектот и за содржина на Проектот, **како и промотивни материјали поврзани со проектот (плакати, постери, промотивни видеа)**, а во рок од 3 дена по реализацијата да достави известување дека е реализиран проектот со приложување на фото/видео документација, утврдено е дека МК е известено со мејл на 16.11.2022 г., дека премиера на претставата „Градот како сцена – изгубени модернистички утопии", ќе се одржи на 47-от Театарски фестивал -Млад отворен театар МОТ, 19.11.2022 г. (сабота), во 12.00 часот (забелешка: и со термин во 13.30 ч.).

-При надзорот, е извршен увид во повеќе линкови од веб-портали [redacted]

[redacted] како и во рекламно-пропагандниот материјал врзан за реализација на Проектот - претстава „Градот како сцена“ во 2022 г., пред објектот -МЗ Тафталиџе, во Скопје.

**-Во однос на користење на средствата од Буџетот на РСМ, преку МК**, утврдено е дека од Буџетот на Р. Северна Македонија, преку МК согласно со Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес во културата од областа на драмската дејност за 2022 г., со бр. 20-3584/2 од 14.04.2022 г., за финансирање на проектот - театарска претстава „Градот како сцена“ (работен наслов), автор [redacted], одобрени се средствата **во вкупен износ од 248.990,00 денари**. за следните намени: **авторски хонорари, опремување на претстава, патни трошоци и маркетинг**).

Според сметководствената документација и евиденција на МК, во текот на 2022 г. од Буџетот на РСМ, преку МК на жиро - сметката **на Здружението, авансно му се преведени вкупно 214.500,00 денари**, од кои **124.500,00 денари** (прва исплата/рата на ден 03.11.2022 г.), согласно со Решението бр. 20-3584/4 од 31.10.2022 г., а **90.000,00 денари** (втора исплата/рата на ден 22.11.2022 г.,), согласно со Решението бр. 20-3584/5 од 16.12.2022 г., со **неисплатени средства**, во износ од **34.490,00 денари**.

Трошењето на авансно преведените средства во вкупен износ од **214.495,00 денари (од вкупно одобрените 248.990,00 денари, за авторски хонорари, опремување на претстава, патни трошоци и маркетинг**), за финансирање на проектот - театарска претстава „Градот како сцена“, се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Ред. бр. | Доверител | Намена | Износ | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| **1. Авторски хонорари** | | | | |
| 1. | [redacted] | Хонорар за автор | 70.000 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4753/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |


Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | | Хонорар за куратор, истражувач | 60.000 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура број: 4746/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 3. | | Хонорар за изведувач | 17.000 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4743/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 4. | | Хонорар за изведувач | 20.534 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4587/22/1 издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 5. | | Хонорар за изведувач | 6.700 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4748/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 6. | | Хонорар за техничка поддршка | 20.000 (бруто) | Платено по Договор за извршување на повремени работи и Фактура бр 4749/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 7. | | Хонорар за техничка поддршка | 9.054 (бруто) | Платено по Договор за извршување повремени работи и Фактура бр.: 4750/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 8. | | Хонорар за изведба на музика за перформанс | 7.000 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4752/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 9. | | Хонорар за изведба на музика за перформанс | 7.000 (бруто) | Платено по Авторски договор и Фактура бр. 4751/22/1, издадена од Агенцијата ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | (според Банковен извод бр. 56 од 28.12.2022 г.) |
| 10. | | **ВКУПНО:** | **217.288,00 денари** | Преку Агенцијата за заштита и остварување на авторски и сродни права ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје, платен персонален данок на доход по авторски договори и договори за повремени работи |

**Забелешка:** според оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г., за: [redacted] автор/70.000 денари, [redacted] куратор и истражувач/60.000 денари и за [redacted] драматург и истражувач/30.000 денари и за авторски хонорари за останати соработници (актери, кореограф, музика)/20.000 денари, со што има **измени на Договорот во помал износ, односно до 15% од вкупниот износ на одобрените средства од МК, што е во согласност со член 11 од Договорот.**

Имено, согласно со член 11 став (1), (2), и (4) од Договорот, измените на Договорот можат да бидат во помал или поголем обем. За измени од помал обем се сметаат: промени во износот на средства за намените утврдени во Образецот на оперативен и финансиски план, кои се во износ до 15% од вкупниот износ на средства од членот 2 од Договорот и промена на рокот за реализација на проектот од членот 1 став (1) од Договорот, кој е наведен во Образецот на оперативен и финансиски план. За имените од помал обем на Договорот не се склучува анекс кон овој договор, а корисникот е должен да ги прикаже истите во Образецот за наративен и финансиски извештај од членот 5 став (5) од Договорот.

**2. Опремување на претстава**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | ПРОМЕДИА ДОО - СКОПЈЕ | Печатење за сценографија (брошура, церада и др.) | платени 7.110 (од МК) | Платено по Фактура-испратница бр: 001 – 71041 – 1428 /2022, на вк. износ од 10.897 денари (според Банковен извод бр. 50 од 19.12.2022 г.) |

**Забелешка: според оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г., за опремување на претстава (продукција/сценографија/опрема/изведба на сценски елементи)/40.000 денари**

**3. Патни трошоци**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | [redacted] драматург | Авионски билети, на релација Белград-Скопје-Белград (11.11.-14.11.2022 г.) | 10.602 | Платено по Фактура бр. А-22 / 146/А на ТА М4 travel ДООЕЛ, Скопје (според Банковен извод бр. 35 од 22.11.2022 г.) |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Забелешка:** според оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г., за патување (авионска карта Загреб-Скопје-Загреб /15.000 денари (според изјвата на присутното лице трошоците за [redacted] вклучително и за авиот-билет во целост се намирени со други средства, поради што е платен авиот – билет за [redacted] од Белград). | | | | |
| **4.Маркетинг** | | | | |
| 1. | [redacted] | ПР маркетинг | Платени 13.990 (од МК) | Платено по Договор за извршување повремени работи и Фактура бр. 4316/22/1, издадена од Агенцијата за ЕУРО ЛЕВЕЛ ДОО од Скопје на износ од 32.044 денари (според Банковен извод бр. 42 од 01.12.2022 г.) |
| **Забелешка: според оперативен и финансиски ПЛАН од 13.04.2022 г., за ПР и маркетинг /13.990 денари** | | | | |
| | **Авансно преведени од МК: 214.500,00 денари (од одобрените 248.990,00 денари** | | **Вкупно 248.990,00 денари** | остатокот од средствата, што треба МК да ги исплати, се обезбедени од сопствени средства на Здружението |

**По извршен непосреден увид во горенаведената документација/списи и акти, како и разговорите со присутните лица, од страна на инспекторот е констатирано дека:**

1. Авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, на жиро-сметката на Здружението на 03.11.2022 г. и 22.12.2022 г., во вкупен износ од 214.500,00 денари (од доделените 248.990,00 денари, за следните намени: авторски хонорари, опремување на претстава, патни трошоци и маркетинг), за реализација на проектот - театарска претстава „Градот како сцена“, согласно со Договорот бр. 20-3584/2 од 14.04.2022 г., за учество во финансирање на проектот од национален интерес во културата од областа на драмската дејност за 2022 г., се наменски потрошени согласно со член 68 став (1) од Законот за културата, со преостаната обврска на МК во износ од 34.490 денари.

2.Проектот - театарска претстава „Градот како сцена“ (Изгубени модернистички утопии), автор [redacted] е реализиран на 19.11.2022 г., во Скопје во рамките на 47-от Театарски фестивал „Млад отворен театар МОТ“ , за што при надзорот на увид е презентирана документацијата, поврзана со реализација на Проектот (рекламно-пропаганден материјал, видео записи, фотографии од настанот, линкови од веб-портали и слично.)



Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

3. Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата, како и член 9 став (1) од Договорот за учество во финансирање проект од национален интерес склучен со МК, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот, до МК да достави извештај за реализацијата на проектот, Здружението на 03.01.2023 г. до МК, Сектор за дејностите од оболаста на културата и уметноста, има доставено пополнет ОБРАЗЕЦ за наративен и финансиски извештај за проекти од национален интерес во културата во 2022 г., заведен во МК под бр. 20-75/1 од 03.01.2023 г., во прилог со потребната материјално-финансиската документација.

**Имајќи го предвид горенаведеното, од страна на инспекторот за култура се запира инспекциската постапка заведена под ИП1 бр. 57-14 од 07.02.2023 г. согласно со член 82 став (5) од Законот за инспекциски надзор.**

Заради обемот и сложената на инспекцискиот надзор, неговата природа и околностите на работа, Записникот е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на Министерството за култура во согласност со член 82 став (3) од истиот Закон.

11) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ~~ИМАШЕ~~/НЕМАШЕ забелешки.

12) Забелешки на субјектот на надзорот:

________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________
________________________________________________________________

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор: | [redacted] претседател на Здружение [redacted] | Печат и потпис на инспекторот за култура: | [redacted] главен инспектор за култура [redacted] |
| Датум: | 02.03.2023 г. | Датум: | 17.02.2023 г. |

Прилог: Листа за проверка, која е составен дел на Записникот
Доколку субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото.